# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ“

**Службен весник на РМ бр. 83/10 од 23.06.2010 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со заем во износ од 50.000.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“.

## Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

Во име на Република Македонија Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

## Член 3

Заемот од член 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 20 транши. Минималниот износ на една транша изнесува 2.000.000 ЕВРА.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот е до 25 години, со вклучен грејс период од пет години, од денот на повлекување на траншата. Траншата може да се отплаќа и еднократно на ден кој е помеѓу три и 15 години од денот на повлекување на траншата.

## Член 4

Каматната стапка и рокот на отплата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерство за финансии, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

## Член 5

Крајни корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се општините и општините во градот Скопје, кои средствата ќе ги добиваат како донација.

## Член 6

Република Македонија заемот од членот 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 7

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".